**20202923954**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 42 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/19), член 150-г став (1) и член 274 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 7 декември 2020 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕДУКАЦИЈА НА ЛЕКАРИ И МЕДИЦИНСКИ ПЕРСОНАЛ, ЗА КОФИНАНСИРАЊЕ НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА, ОДНОСНО СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ И ЗДРАВСТВЕНИТЕ СОРАБОТНИЦИ ВРАБОТЕНИ ВО ПРИВАТНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ, ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА И НЕВРАБОТЕНИ, КАКО И ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКИ ЗА ВРШЕЊЕ ПРЕГЛЕД ЗА УМРЕНИ ЛИЦА ЗА 2020 ГОДИНА

1. Во Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење на преглед за умрени лица за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 278/19 и 166/20), во делот IV. „ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА” во точка 2 во потточката 2.3. износот „3.460.000,00 денари” се заменува со износот „660.000,00 денари”.

Во потточката 2.4. износот „1.000.000,00 денари” се заменува со износот „100.000,00 денари”.

Во потточката 2.5. износот „1.000.000,00 денари” се заменува со износот „500.000,00 денари”.

Во потточката 2.6. износот „538.000,00 денари” се заменува со износот „338.000,00 денари”.

Во потточката 2.7. износот „720.000,00 денари” се заменува со износот „500.000,00 денари”.

Во потточката 2.8. износот „800.000,00 денари” се заменува со износот „500.000,00 денари”.

Во потточката 2.9. износот „940.000,00 денари” се заменува со износот „640.000,00 денари”.

Во точката 7 износот „45.000.000,00 денари” се заменува со износот „25.000.000,00 денари”, а износот „35.000.000,00 денари” се заменува со износот „15.000.000,00 денари”.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 44-11079/1
7 декември 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.